ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ВЕЛЕС

Република Северна Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр. 0102-1309/1
16-08-2021 год.
Велес

# ГОДИШЕН ПЛАН

# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Велес, август 2021

ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ВЕЛЕС

## 1. ВОВЕД

Корупцијата е феномен кој се појавува во сите современи држави, без оглед на нивното државно управување и уредување, а особено е карактеристична за земјите во транзиција кои се соочуваат со недоволно изградено законодавство, институции во кои не е воспоставена контрола на приходите и расходите, слабиот државен систем итн.

Во најширока смисла, корупцијата претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност и положба заради остварување на одредена противправна корист за себе или за некој друг.

Корупцијата во јавниот сектор претставува облик на злоупотреба на законските овластувања на поединци, е несомнено една од најсериозните малформации што ги поткопуваат темелите на националните економии, ја нарушуваат социјалната сигурност, а како резултат на тоа значително се намалува довербата на граѓаните во стабилноста на системот.

Во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупција, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес во рамките на своите законски надлежности, постапувајќи по заклучокот број 40-2929/1 од 02.03.2021 година на Владата на Република Северна Македоннија, донесе План и програма за борба против корупцијата во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес.Планот е креиран низ процес заснован на начела на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност, што се очекува задолжително да бидат почитувани од страна на секое вработено, избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување и службена должност.

## 2. ПРАВНА РАМКА

Правна рамка за донесување на Планот и програмата за борба против корупцијата во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес претставува Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија бр.12/19), Законот за јавни набавки ( Службен весник на Република Македонија број 24/19), Закон за дополнување на законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр.87/21) и подзаконските акти од областа на јавните набавки , Законот за вработените во јавниот сектор )Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), Законот за административни службеници (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 275/19 и 14/20), Законот за социјална заштита(Сл. Весник бр. 104/19), Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита (Сл. Весник бр. 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21), Закон за семејство (пречистен текст Сл. весник бр. 153/14) и Закон за изменување и дополнување на Законот за семејство (Сл. весник бр. 104/15, 150/15, 53/21), Закон за заштита на децата (Сл. весник 23/13) и Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (Сл. Весник бр. 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 275/19, 311/20), Законзаспречување и заштитаоднасилствовржзените и семејнотонасилство ( Сл. весник бр. 24/21),Законотзаопштатауправнапостапка (Сл. весник бр.

124/15), Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита (ЈУ Завод за социјални дејности Скопје, 2020), подзаконски актиитн.

Планот и програмата во својата содржина претставуваат конкретизација на препораките содржани во Националната стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси 2021-2025 И планот за борба против корупцијата ,,Акција 21,, на Владата на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на јавните установи.

3. ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

Планот и програмата се документ во кој се детектираат слабостите во постоечкиот систем на работење на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес, се утврдуваат цели кои треба да се постигнат со имплементацијата на Планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

Активностите предвидени во планот и програмата се конкретни, настанати како резултат на самопроценка на изложеност на институцијата на ризици од појава и развој на корупција каде се детектирани приоритетните области кои би можеле да генерираат ризик од корупција и се идентификувани мерки за нивно надминување.

Станува збор за следните области кои се од надлежност на ЈУМ Центар за социјална работа каде треба да се обрати внимание на ризици од корупција:

- јавни набавки/планирање на буџет и спроведување на постапки
- вработување во јавниот сектор
- професионално и етичко однесување на вработените
- права и услуги од областа на социјална, семејно - правна и детска заштита

Детектирање на проблемите во работењето на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес, поврзани со корупција, се врши врз основа на анализа на работењето на поединечните организациони единици во рамките на административните службеници, давателите на јавни услуги и помошно-техничкиот персонал. За таа цел се врши собирање и анализа на доставените информации од раководните лица и податоци кои се однесуваат на воспоставените пракси на работење на секој оддел поединечно, а кои би можеле да укажат на слаба отпорност на системот на работење кон евентуални можности за извршување на коруптивни дејствија.

Како ризични точки од аспект на можна корупција во системот на работење на одделите ги посочуваме:

- можноости за корупција при исполнување на надлежноста на одделите, а се поврзани со комуникација со странки, изведувачи и правни лица преку кои се вршат одредени набавки за потребите на одделите
- во текот на изработката на барање за доделување на договор за јавна набавка, критериумите за доделување на договор за јавна набавка може да бидат прилагодени на

определен понудувач како и да се изготвуваат технички спецификации кои упатуваат на конкретен производ или производител

- некомплетни и нецелосно пополнети барања за доделување на договор за јавна набавка со потребните податоци од страна на подносителите на барањата , доставени до Одделот за административни и помошно технички работи
- предвидување на услови за способност кои е потребно да ги исполнат економските оператори кои се дискриминирачки, предизвикуваат нееднаков третман на економските оператори и ја нарушуваат конкуренцијата во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка
- недоречени и контрадикторни законски одредби што се однесуваат при вработување на веќе донесените Закон за административни службеници, Закон за вработените во јавниот сектор и Закон за работни односи и потпишаните колективни договори каде не постојат критериуми за бодување при интервју на кандидатите
- ризик од протекување на информации и злоупотреба на службената положба
- недоволна транспарентност при реализација на финансиските средства
- непочитување на законските норми, интерни акти и правилници за работа од страна на вработените
- присуство на политички влијанија, злоупотреби на службените влијанија и непотизам
- примање недозволени подароци и остварување друга недозволена корист
- незаконски процес на планирање и реализација на процедура за вработување
- непрофесионално и неетичко однесување при реализација на предмети поврзани со јавноста, надворешни институции и граѓани
- несовесно чување на податоци и документи
- ненавремено решавање по однос на барања од областа на социјална и детска заштита и несовесена работа

За надминување на ризичните области ЈУ МЦСР Велес ќе преземе следните мерки:

1. ќе назначи номинирано лице од редот на административни службеници за контакт преку комуникациски пристап кое ќе има задача да ги координира сите информации кои Државна комисија за спречување на корупција ќе ги упатува до институциите и ќе помогне да се олесни соработка, размената на информации и начинот на комуницирање меѓу институциите со цел нивно постапување или соработка на теми поврзани со превенцијата и борбата против корупција
2. ќе назначи овластено лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи и истото ќе објави јавно на веб страницата на ЈУ МЦСР Велес

## 4. ЦЕЛИ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН

Спроведувањето на Годишиниот план треба да придонесе

- да се намали нивото на корупција, да се подобри интегритетот, транспарентноста и отчетноста во областа на јавните набавки вклучувајќи го процесот на обезбедување на финансиски средства, фази на постапка за јавна набавка и реализацијата и

извршувањето на договорот за јавна набавка, се со цел субјектите вклучени во процесот на набавката да имаат повисока доверба како во нашата установа, така и во законодавната, извршната и судската власт.

- Да се работи и постапува согласно Уставот, законските и подзаконските акти
- Секое вработено лице, стручен работник или административен работник, избрано или именувано лице на функција, со јавно овластување или службена должност да постапува професионално и непристрасно и да се избегне евентуален судир на интереси
- Да се обезбеди отчетност на работите од јавен интерес, во обласа на надлежност на Центарот за социјална работа
- Да се обезбеди висок углед, интегритет и професионалност во извршувањето на надлежностите во рамките на овластувањата

## 5. ЈАВНИ НАБАВКИ

### 5.1 КОРУПЦИЈАТА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Јавните набавки се главниот начин преку кои функционираат институциите и се трошат јавните средства за набавка на стоки, услуги или работи. Според својата природа во денешно време се една од најсериозните области во јавниот сектор каде потенцијалните можности за коруптивни дејствија се проследени со најразлични облици.Во услови на широко распространета корупција на јавните набавки, се наметнува прашањето како да се обезбеди рационално, наменско и транспарентно трошење на државните пари, што истовремено претставува и основната цел на Законот за јавни набавки.

Ризикот од злоупотреби во јавните набавки е присутен во сите фази на постапката, од моментот на истражување на пазарот, планирање на предметната набавка, отпочнување на постапката за јавна набавка и нејзиното спроведување, вклучувајќи ја евалуацијата на понудите како најзначајна фаза, па се до донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда и крајната реализација на договорот. Иако постои перцепција дека најголема можност за злоупотреба постои при евалуација на понудите врз основа на веќе востановените критериуми за утврдување на способност, неоправдано го намалува значењето во другите фази од постапката како основ за вршење на противправни и казниви дејствија. Затоа од големо значење е потемелно согледување на сите аспекти на постапката, каде во речиси сите случаи се согледува дека злоупотребата почнува многу порано и токму поради тоа при истражување на корупцијата во јавните набавки, треба да се земат во предвид сите компоненти на постапката за јавна набавка како основ за вршење на противзаконски дејствија. Досегашните истражувања покажуваат дека ризикот од коруптивни дејствија е многу поголем при формалното завршување на постапката, односно за време на реализацијата на договорот кога постои можност за најголеми злоупотреби, далеку од очите на јавноста преку воспоставување на корупциска врска помеѓу лицата задолжени за следење на реализацијата на договорот и носителот на набавката. Затоа, неопходно е воспоставување на јасни механизми за следење на реализацијата на договорот од страна на договорниот орган и негова контрола, за следење на извршувањето на договорот, кој ги врши нарачките, квалитативен и квантитативен прием и сл. Од друга страна можни се злоупотреби и од страна на носителот на набавката кои најчесто се состојат во доцнење со испораката, несоодветен

квалитет или испорака на стоки, услуги или работи квантитативно или квалитативно различни од оние кои се предвидени со договорот и како такви биле предмет на јавна набавка. Земајќи го предвид наведеното особено важно е во вакви случаи јасно да се определи одговорноста на индивидуално ниво и да се утврди дали евентуалните дејствија се вршат по налог на одговорното лице или без негово знаење.

Склучувањето на договори со ист добавувач повеќе години наназад е еден од посериозните проблеми со кои нашиот систем за јавни набавки се соочува подолг временски период. Голем е бројот на економски оператори кои постојано добиваат еден ист тендер кај определен договорен орган и тоа во услови кога не постои конкуренција или и кога постои конкуренција. Затоа во јавните набавки од голема важност е да се утврди дали бараните критериуми за утврдување на способност се пропорционални на предметот на набавката. Покрај критериумите за утврдување на способност од голема важност се и барањата во техничката спецификација кои можат да се искористат како основ за фаворизирање на одредени економски оператори при доделување на договорот за јавна набавка. Земајќи ги во предвид претходно наведените злоупотреби посебен акцент треба да се стави на следење на реализацијата на договорот каде противзаконските дејствија се најчесто изразени. Од голема важност е да се земе во предвид начинот на реализација на договорот, начинот на испорака и трошење на набавените стоки и услуги, дали тие одговараат со веќе потпишаниот договор и условите предвидени во него и најважно од се е да се утврди динамиката на трошење.

Честите поништувања на тендерските постапки можат да бидат индикација за одредени противзаконски дејствија. Спречувањето на противзаконските дејствија при спроведувањето на јавните набавки подразбира и соодветнаконтрола на причините за чести поништувања на тендерите и санкционирање на евентуалните случаи кога мотивите за поништување се коруптивни.

Уште еден сегмент од областа на јавните набавки каде ризикот од корупција е голем се и склучување на анекс договорите. Секогаш кога ќе се јави потреба од измени во договорот и склучување на анекс договор се доведува во прашање нивната транспарентност, оправданост и објективност.

## 5.2 ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Основните принципи во Законот за јавни набавки имаат големо влијание врз можноста од појава или спречување на корупција.

Принципот на еднаков третман и недискриминација подразбира сите економскиоператори да имаат исти права при примената на законската регулатива која се однесувана јавните набавки, што подразбира однесување на ист начин во идентични ситуации илида не се однесуваме на ист начин во различни ситуации. Од аспект на антикорупцискатаполитика овој принцип е значаен бидејќи го забранува фаворизирањето на одреденисубјекти.

Транспарентноста е значаен фактор кој ги обезбедува основните принципи насистемот за јавните набавки, особено конкуренцијата и интегритетот во јавните набавки.Имено, обврска на договорните органи е да им овозможат на економските операторипристап до сите информации кои се однесуваат на јавните набавки, а информациите требада се достапни на

сите заинтересирани страни во исто време и на ист начин. Созголемената транспарентност се зголемува контролата врз начинот на трошење на паритена даночните обврзници.

Севкупниот процес на јавните набавки треба да биде конципиран на начин кој ќеовозможи конкуренција меѓу понудувачите. Пред се неопходни се соодветникритериуми за утврдување на способноста на економските оператори. Конкуренцијатаовозможува добивање на поголем број на понуди, а со тоа и заштеда на јавните средствана државата.

Како крајна и логична цел е поставен принципот на рационално и ефикасноискористување на средствата. Имено, во услови на слободен пазар логично би билоедна од придобивките која се очекува да се постигне да биде ефективната алокација насредствата. Ова значи пред се да се добие најдобра вредност за потрошените пари (bestvalue for money). Имено непходно е да се направи споредба на трошоците направени приспроведувањето на постапката за доделување на договор за јавна набавка со економскатаефикасност на предметот на набавката, односно треба да се добие пропорционалност помеѓу трошоците на постапката и вредноста на склучениот договор. Добиената понуда сонајниска цена не значи секогаш и највисока вредност за вложените пари. Имено, покрајцената треба да се земат во предвид и други критериуми како квалитетот, временскиотпериод, гаранцијата, пост-продажни сервиси итн.

5.3 МОДЕЛИ НА ПРЕВЕНЦИЈА

Сузбивањето на корупцијата во областа на јавните набавки значи имплементирање на ефективни модели на контрола заради спречување на злоупотреба на јавните набавки се со цел остварување на противправна имотна корист за себе или за друг во текот на спроведувањето на постапката или реализацијата на договорот за јавна набавка. Ако се навратиме низ годините наназад ќе забележиме дека моделите за спречување на злоупотреба се недоволни и нецелосни во постапките за јавни набавки.

Законското решение од 2007 година не предвидуваше посебна контрола во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки каде Бирото за јавни набавки како централно тело одговорно за координација и следење на системот на јавни набавки, немаше ингеренции да ги следи постапките за јавни набавки поединечно и во случај на незаконски постапувања да превземе одредени мерки или да санкционира одредени противзаконски дејствија. Севкупната контрола на јавните набавки во тој период се сведуваше на Државниот завод за ревизија кој при вршење на контрола на законитоста на финансикото работење на државните институции ги опфаќаше и јавните набавки. Но овде посебно треба да се нагласи дека се работи за делумна контрола на избрани примероци, што значи дека ниту ДЗР немаше целосен увид во неправилностите при спроведувањето на постапките кои според нивната суштина и содржина можат да содржат одредени противзаконски дејствија. Освен тоа што контролата се сведуваше само на дел од постапките посебно треба да се истакне дека контролата беше спроведувана за веќе завршените постапки за јавни набавки. Во пракса ова значеше дека ниту една институција немаше ингеренции директно да работи на идентификување на формите и риззиците од корупција во јавните набавки и да дава насоки и препораки кои ќе доведат до спречување или санкционирање на злоупотребите во делот на јавните финансии.

Отсуството на ex-ante контрола се покажа проблематично, бидејќи се утврдуваа пропусти кај завршените и реализираните постапки и се даваат препораки за идните постапки, без

превземање на соодветни казнени дејствија против извршените против законски дејствија во спроведените постапки.

Друг орган кој според природата на надлежности врши контрола на постапките за јавна набавка откако ќе биде донесена одлуката за избор на најповолна понуда или во текот на спроведувањето на постапката е Државната комисија за спречување на корупција како самостоен орган во својство на правно лице. Државната комисија одлучува за законитоста на превземените дејствија во постапката но само по поднесена жалба од страна на економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот или би можел да претрпи штета од евентуални прекршувања на одредбите на законот. Ова значи и Државната комисија врши само делумна контрола на постапките за јавни набавки. Сепак и со оваа контрола не можат да се детектираат реалните против законскидејствија кои се случуваат при водењето на постапката.

Следејќи ги слабостите во делот на контролата на против законските дејствија експертите селосно се фокусираа кон изнаоѓање на законско решение кое ќе понуди можност за вршење на контрола однапред, со што би се спречиле вршење на против законски дејствија чија цел е злоупотреба на државните пари. Со измените во законот се воведе Совет за јавни набавки на почетокот како организациски дел во составот на Бирото за јавни набавки, а подоцна како самостоен државен орган во својство на правно лице. Советот за јавни набавки започна да работи во мај 2014 година и неговите надлежности пред се беа одобрување на барањата во техничката спецификација или критериумите за оценување на способност на економските оператори со што се оневозможи да се дискриминираат фирмите и да се фаворизира одреден понудувач. Исто така, со тогашната законска регулатива се предвиде пред објавување на огласот да се врши истражување на пазарот. Кога со истражување на пазарот не можеа да се докажат исполнувањето на критериумите се бараше мислење од Советот се со цел да се обезбеди согласност за објавување на огласот. Целта на Советот беше да врши контрола пред објавувањето на огласот се со цел да се спречи можноста од злоупотреба, но неговото функционирање беше многу кратко.

Во 2019 година беше донесен нов Закон за јавни набавки во кој се предвидени одредени решенија квалитативно различни од претходните, во насока на транспарентно и рационално спроведување на постапките чија цел е да не заштитат во борбата против корупцијата. Земајќи ги во предвид основните начела на кои се темели Законот за јавни набавки, како што се еднаков третман и недискриминација, транспарентност, конкурентност и рационално и ефикасно искористување на буџетските средства општо познато како добивање на најдобра вредност за потрошените пари. Со ова законска регулатива задолжени за контрола на законитоста во водењето на постапките за јавна набавка останаа ДЗР и ДКЖЈН, а се воведе ново законско решение на Бирото за јавни набавки каде покрај досегашните овластувања има право да врши и управна контрола на постапка за јавна набавка над одредена вредност утврдена со закон или на било која постапка за јавна набавка врз основа на проценка на ризиците од кршење на одредбите од законот и по случаен избор. Основна цел е преку контрола на законитоста на превземените дејствија и утврдување на неправилностите во постапката да се зајакне довербата во оваа институција, и да се воспостави механизам за редовно контролирање на поголемите постапки, бидејќи ДЗР и ДКЖЈН вршат контрола, само на избран примерок.

Новата законска регулатива има за цел надминување на претходно констатираните недоследности во примената на законот се со цел надминување на противзаконските дејствија преку воспоставување на контролни механизми кои ќе дадат позитивни ефекти во борбата против корупцијата.

## 5.4 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

И покрај веќе донесените законски решенија во спречувањето и борбата против корупцијата, вклучувајќи ги и погоре споменатите институции за спроведување на контрола во веќе превземените дејствија во текот на спроведување и веќе спроведените постапки за јавни набавки од големо значење е секоја институција да изработи и донесе Годишен план и програма за спречување на корупција, која содржи збир на мерки, активности, надлежни организациони единици, рок за реализација и превземање на соодветни мерки за поголема успешност во спречувањето и борбата против корупцијата и судирот на интереси.

Со мерките предвидени во Годишниот план се зајакнува соработката помеѓу субјектите вклучени во процесот на јавна набавка со што се овозможува ефикасна функционалсност во борбата против корупцијата, како и зголемување на довербата меѓу субјектите.

Мерки кои се предвидуваат за заштита и борба против корупцијата при спроведувањето на јавните набавки се :

- соодветно планирање и реализација на буџетот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес
- соодветно планирање на јавните набавки,
- економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавна набавка
- транспарентно трошење на средства предвидени за реализација на јавните набавки
- контрола на јавните набавки
- почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури за јавни набавки
- спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации и ја изработуваат тендерската документација
- обука и стручно советување и усовршување на сите лица вклучени во процесот на јавна набавка
- спречување на влијание врз Комисијата за јавни набавки.

Соодветно планирање и реализација на буџетот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес опфаќа планирање на буџетот согласно реалните потреби на установата и транспарентност на трошењето на средствата предвидени во финансискиот план. ЈУМ Центар за социјална работа-Велес врз основа на своите потреби изготвува буџетска пресметка по позиции и ставки и истата ја доставува до Министерството за труд и социјална политика. Надлежното министерство доставува Решение за распределба и реализација на буџетот за тековната година за потребите на установата каде средствата се распределуваат според бројот на вработени, бројот на корисници и во зависност од специфичните потреби и дејности на установата како и Известување со одобрени согласности за обезбедени финансиски средства за набавка на стоки, услуги и работи, Годишен финансиски план, одобрени лимити за мобилни телефони и средства за репрезентација.

Соодветното планирање на јавни набавки вклучува планирање и управување со финансиските средства наменети за спроведување на постапките за јавни набавки. Планирањето на јавните набавки опфаќа доставување на барања/предлози за потребите на јавни набавки од страна на сите организациони единици кои имаат потреба од конкретна јавна набавка, како и навремено доставување на известување од страна на Министерството за труд и социјална политика за спроведување на конкретна постапка за јавна набавка која преминува во наша надлежност. ЈУМ Центар за социјална работа-Велес согласно потребите на установата вклучувајќи ги сите организациони единици вклучувајќи ги и нивните потреби ги планира јавните и за истите донесува предлог план за јавни набавки кој заедно со барањата согласност за обезбедување на финансиски средства ги доставува до Министерството за труд и социјална политика.Врз основа на добиените согласности за обезбедени финансиски средства за стоки, услуги и работи се планираат јавните набавки.

Економично, ефикасно и ефективно користење на средствата наменети за спроведување постапки за доделување на договори за јавни набавки опфаќа проценување на договорот за јавна набавка врз основа на обезбедените согласности за финансиски средства.

Транспарантно трошење на средствата предвидени за реализација на јавните набавки опфаќа рационално планирање на трошењетона обезбедените финансиски средства.

Контролата во јавните набавки опфаќа превземање на активности во делот на доставување на барањето согласност за обезбедување на финансиски средства, обезбедување на финансиски средства, планирање на потребите врз основа на обезбедените финансиски средства, процесот на спроведување на постапката за јавна набавка и реализацијата на договорот за јавна набавка. Од голема важност е во сите фази да се знае кој е одговорен за кое дејствие, односно јасно да се определи одговорноста на индивидуално ниво. Само ефикасно воспоставени механизми ќе обезбедат одговорно однесување од страна на сите кои се вклучени во постапката за доделување на договор за јавна набавка и извршување и реализација на договорот за јавна набавка. ЈУМ Центар за социјална работа-Велес спроведува синхронизирана контрола во делот на спроведувањето на постапките за јавна набавка и извршувањето и реализацијата на договорот за јавна набавка во координација со надлежното министерство во делот на обезбедување на финансиските средства и следење на реализацијата и извршувањето на договорот преку доставување на извештаи.

Почитување на законските прописи и пропишаните интерни процедури опфаќа превземање на активности од страна на сите одговорни лица вклучено во процесот на спроведувањето на постапката за јавна набавка и реализацијата и извршувањето на договорот се со цел да се спречат ризичните точки во делот на корупцијата.

Спречување на влијание врз лицата кои ги подготвуваат техничките спецификации и ја изработуваат тендерската документација преку поголема транспарентност при изработката на техничките спецификации и тендерската документација која опфаќа претходна проверка на пазарот и спроведување на технички дијалог таму каде што е потребно и пријавување на обид за влијание врз лицата кои ги изработуваат техничките спецификации и тендерската документација до одговорното или овластеното лице.

Обука и стручно советување и усовршување на сите лица вклучени во процесот на јавна набавка опфака креирање и спроведување на обука за примена на стандардите при изготвување на техничките спецификации и критериумите за утврдување на способност при изготвување на тендерската документација, процесот на спроведување на постапката за јавна набавка и извршувањето и реализацијата на договорот за јавна набавка.

Спречување на влијание врз Комисијата за јавни набавки опфаќа превземање на мерки и активности за заштита од влијание врз Комисијата за јавни набавки, како и пријавување на обид за влијание врз членовите на Комисијата за јавни набавки, потпишување на изјави за судир на интерси од страна на Комисијата за јавни набавки и постапување на членовите на Комисијата за јавни набавки согласно Кодексот на однесување при спроведување на постапките за јавни набавки.

Сите вработени вклучени во процесот на јавни набавки треба да се подеднакво посветени во спречувањето на корупцијата и на судирот на интереси се со цел да се олесни навремено откривање на случаи на корупција и правилно решавање. Борбата против корупцијата се постигнува преку воспоставување на механизми и обебедување и подржка во следење на активностите, спроведување на мерки кои имаат за цел спечување на корупција, едукација на вработените и спроведување на активности за подигнување на свеста за пријавување на корупција кај вработените и кај засегнатите страни вклучени во јавните набавки, земајќи ја во предвид нивната улога во спречување и броба против корупцијата.

Договорните органи се должни да ги превземат сите потребни мерки во процесот на планирање, спроведување и реализирање на договорите за јавни набавки се со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата.

Со цел елиминирање на било какво коруптивно однесување во процесот на јавните набавки, од страна на сите вработени треба доследно да се почитува интерната процедура за јавни набавки наЈУМ Центар за социјална работа-Велес, донесена од страна на директорот. Со почитување на процедурата и покажување на висок степен на транспарентност на процесот на јавни набавки, ќе се елиминираат сите влијанија и можности за било какво коруптивно однесување. Непочитувањето на процедурата ќе сноси одговорност за секој вработен во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес и за одговорното лице на установата.

## 6. ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

ЈУМ Центар за социјална работа е јавна установа која врши јавни овластување согласно Закот за социјална заштита,Законот за заштита на децата Законот за семејството, Закон за правда на деца и др.прописи од обласга на семејната и кривично правната заштита.

Установата е посебно правно лице со орган на управување,орган за надзор и орган на раководење Директор на установата именуван од Владата на РСМ.

За извршување на функциите на установата Управниот орган ги донесува актите на установата со кој се организира работата и се планираат работни места со актот за систематизација на кои согласност дава МИОА и МТСП.

Со цел за запазување на принципот на соодветна застапеност на заедниците се изготвува Годишен план за вработување на кој согласност за примена дава МТСП и МИОА.

## 6.1 ПОПОЛНУВАЊЕ НА РАБОТНИ МЕСТА ВО УСТАНОВАТА

Работните места на вработените во установата се пополнуваат согласно постапките за вработување уредени со Законот за вработените во јавниот сектор,Законот за социјална заштита,Законот за работни односи,Законот за административни службеници и Колективниот договор за социјална заштита и подзаконските акти а во согласност со Правилникот за систематизација на работни места.

Постапката за вработување на административни службеници детелно е дефинирана во Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници,а за давателите во Законот за социјална заштита.Во сите овие прописи е пропишана постапка за вработување која гарантира право на избор на кандидат во со закон определена постапка,со јавно објавување на оглас за вработување или интерен оглас за вработување во дневен печат,на веб страна на Центарот, во Агенција за вработување со ставање на службено лице од установата за контакт со заинтересираните кандидати се со цел информирањето и достапноста да се на највисоко ниво.

Тоа е во однос на транспарентноста и фер постапка за пополнување на работните места во односна конкурентноста секој кадидат при аплицирањето доставува пријава со биографија и сертификати за стекнати вештини и знаење во врска со стекнатото образование и секако со можност да се претстави целосно како кандидат пред комисијата за вработување во спртоведеното интервју.Во постапката за вработување со интерен оглас за давателите на услугите во Комисијата има член стручен службеник од Заводот за социјални дејности со што се добива на квалитет за најсоодветен избор од пријавените кандидати.

Постапката за вработување на административен службеник има и дополнителни проверки на знаењето со полагање на стручен испит и странски јазик, се вреднуваат приложените докази на пријавените кандидати кое завршува исто така со интервју и предлог ранг листа по која конечна одлука за избор или неизбор донесува Директорот на установата.

Конечната одлука за избор на кандидат со ново вработување или унапредување јавен службеник или давател на услуги ја носи Директорот кој може а и не мора на направи избор.

Комисијата за вработување на давател на услуга не е задолжена да го образложи својот избор, предложената ранг листа ниту да даде напишано и ибразложено мислење во својот записник за пријавените кандидати заради што фер постапка , конкурентска постапка на селекција недостасува со што се доведува во прашање избор на најдобриот кандидат што е резултат на законскта регулатива која не определина мерила и критериуми за избор а најдобар кадидат.Затоа и постои закоска можост за барање а заштита на своите права од страна на недоволите кандидати пред надлежни второстепени органи или суд.Законската регулатива која ја регулира оваа област и задолжително се примеува дава можност за слободна оценка на кандидатите од страна на именуваната комисија и конечниот избор на Директорот. Има разлика во постапката за вработување на административни службеници

каде се даваат бодови за приложената писмена документација кон пријавата која соодветно се вреднува и дава ранг листа која е документирана со соодветни бодови и дава впечаток на транспарентна фер и конкурентска постапка.

Во однос на постапката за мобилност на работните места со распоредување и преземање Законската регулатива бара некои услови и предпоставки за создавање услови за пополнување на работните места на овој начин но оваа постапка не дава можност за избор од повеке кандидати нема основ за транспарентност нема оглас,фер постапка нема повеке кандидати еден кандидат кој бара да биде превземен во друга институција,институција што го се согласува со трајно преземање вработен во друга инстуција која согласност ја ставаат на хартија со спогоба за вработување со трајно преземање која спогодба мора да добие согласност од МИОА и од МТСП односно МФ за обезбедени финансиски средства за реализација на спогодбата.

Во однос на постапката за мобилност на вработените со распоредување тука нема ниту транспарентност,ниту фер постапка ниту конкурентска постапка, не сме ја имале во установата но искуствата се дека истата е резултат на дисциплинска мерка повеке одколку реална потреба.

Можноста од коруптивни дејствија во постапките за пополнување на работните местаод страна на надлежните органи или комисија не се спречени со позитивната законска регулатива која како што е утврдена дава впечаток на законска регулатива која обезбедува транспарентна постапка,фер постапка ,конкурентска постапка за пополнување на работните места по пат на јавни огласи интерни огласи и мобилност на работните места но без утврдување на вреднување на кандидатите на нивната наобразба,нивните знаења,вештини стекнати обуки, работно искуство, волонтерство,анализа на нивната личност,одговорност кон работата нивната визија за работното место што би довело избор на најдобриот кандидат одлуаката за избор не треба да е аргументирана ,да е е мерлива и треба но и немора да биде избор на најдобриот кандидат, за разлика на постапката за вработување на административни службеници.

Сепак да се надеваме дека најдобар интерес на институцијата на органите и телата во неа е вработување на најдобриот пријавен кандидат ако нема таков и да не се направи изборв ,унапредување на најдобрите кандидати во постапките со интерен оглас, во постапките со преземање да се презема искусен и стручен кадар се во најдобар интерес на институцијата.

7. УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Непристрасна ,ефикасна и ефективна јавна администрација,која е независна од политичко влијание е еден од клучните делови против корупцијата.

Врботените во ЈУМ ЦСР Велес мора да работат на принципите на етичност и интегритет,нејзините механизми на санкционирање на неетичкотои коруптивното однесување мора да се направат пофункционални.

ЈУМ ЦСР Велес како установа има обврска да им служи на граѓаните а не на политичките партии.Секој вработен во установата има одговорност да го слуша и почитува гласот на граѓаните и да практикува професионален и достоинствен однос кон нив.Обврска на

вработените е да го санкционираат и пријават секое коруптинооднесување на надлежните институции без разлика кој е сторителот и каков вид функција извршува.

Секој вработен треба професионално да ги извршува своите работни задачи согласно пропишаните акти на установата.Во борбата против корупцијата нема и не смее да имапривилеriани поединци и групи.Секој кој преку корупција за лични ли партиски цели работи спротивно ма интересите на установата и граѓаните ке мора да се соочи со одговорност.

Стратешки приоритет на установата е изнаоѓање на рационални и остварливи решенија за департизација и деполитизација на вработените преку кои треба да се овозможи постигнување на висок степен на професионалност и ефективност кој се оценува преку постигнатите резултати,начелата на еднакви можности и соодветна и правична застапеност се со цел да се обезбеди праведен и неселективен пристап при вработувањето ,како и примена на принципите на стручност и објективност при унапредувањето и наградувањето на вработенитесо што ке се изгради јавна администрација ослободена од партиски спреги и целосна посветеност а потребите на граѓаните.

Не смее да се дозволи одстапуање од пропишаните законски процедури од формален илиматеријален аспект бидејки неопходно е да се елиминираат сите сомнежи и можности за постоење на корупција.

Посебно внимание ке се посвети на професионализацијата на високите раководни позициии јасно разграничувањена политичкото и професионалното ниво.

Имплементација на системот на унапредување на постапките при вработување и унапредување на вработените подразбира доследнот почитување на процедурите утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор,Законот за админситраивни службеници и Законот за социјална заштита,како и подзаконските акти каде јасно е дефинирана постапката за вработување,распоредување и унаоредување на вработените, а во согласност со Правилникот за систематизација на работните места.

Постапката за унапредување на административните службеници детално е уредена со Правилникот за формата и содржината на интерен оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција,во зависност од категорија на работното место за кое е објавен интерниот оглас.

Постапката за унапредување на давателите на услугите во целост е уредена со Законот за социјална заштита.

Секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно,стручно,одговорно, чесно,ефикасно и непристрасно.Едуцирањето,обучувањето и мотивирањето на вработенитево своето работење има за цел секој вработен да препознае и да се спротистави на секоја незаконска,неморална или нечесна ситуација и навремено да одговорат на предизвиците од коруптивни дејствија во борбата против корупцијата во својата област.

Мерки кои се предвидуваат за заштита и борба против корупцијата при управувањето со човечки ресуси:

- Јакнење на свеста и едукација на вработените за последиците на коруптивни дејствија
- Континуирана контрола врз работењето на вработените
- Подобрување и усовршување на постоечките процедури за контрола со цел надминување на евентуалните можности за корупција при реализација на надлежностите
- Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи заради заштитено внатрешно пријавување и обезбедување услови за целосна имплементација и доследно спроведување на Законот за заштита на укажувачи
- Јавно објавување на сите интерни процедури на веб страницата
- да се овозможи континуирано стручно усовршување на вработените со цел стекнување на професионални квалификации и стручност од различен делокруг на работни активности како полесно би се реализирала замена во случај на отсутен вработен и потреба од неодложно завршување на определена обврска.

## 8. ПРОФЕСИОНАЛНО И ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

При извршувањето на работните задачи вработените во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес потребно е да одржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и да се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди, т.е. Кодекс за административни службеници, Етички кодекс за јавните службеници и Етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита. Потребно е да обезбедуваат непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи, при што на граѓаните и на правните лица ќе им овозможат заштита и остварување на правата, а тоа да не биде на штета на други граѓани и правни лица, ниту во спротивност со јавниот интерес. Работните задачи потребно е да се вршат политички непристрасно, без влијание на личните политички уверувања, финансиски интереси, со доследно почитување на целите, угледот и интегритетот на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес.Во Етичките кодекси е утврдено дека давателите на јавни услуги и административните службеници, не смеат да се постават во материјална или друга зависност од други лица или органи, давателите не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување лична корист, а имаат обврска да се спротивставуваат на сите форми на корупција во рамките на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес. Сите стручни работници должни се да се грижат за правилна примена за Етичкиот кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита и за секоја повреда на истиот да им укажат на колегите за неетичко однесување или да се обратат до надлежните органи. Кодексите се пропишани заради почитување и примена на етичките стандарди и правила на однесување на административните службеници и стручните работници во дејноста социјална заштита. Поттикнувањето на доброто постапување и однесување на службениците ќе ја зајакне довербата на граѓаните во работата на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес. Вработените своите работни задачи да ги извршуваат посветено и професионално врз основана компетенции, правила и процедури од службата, притоа работејќи непристрасно, обезбедувајќи еднакви стандарди при испорачување на услугите. При вршење на своите приватни работи да не го користи статусот на службеник заради остварување на лична корист и злоупотреба на службена должност. Со цел подигнување на довербата на граѓаните како и

транспарентност и отчетност на ЈУМ Центар за социјална работа-Велес секој вработен е должен да обезбеди соодветни, навремени и целосни информации во делокругот на своето работење, при тоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци. Службениците во јавните настапи во кои ја претставуваат инситуцијата изнесуваат исклучиво официјални ставови во согласност со прописите и законите, додека во јавни настапи во кои не ја преставуваат институцијата не смеат да изнесуваат податоци од делокругот на својата работа и работното место, со што би се нарушил угледот, довербата и политичката непристрасност кон граѓаните. За таа цел потребен е системски пристап кој ќе овозможи овие Кодекси на етика да бидат разбрани, прифатени и имплементиран од сите вработени во ЈУМ Центар за социјална работа-Велес.

Мерки кои се предвидуваат за заштита и борба против корупцијата во рамките на професионално и етичко однесување на вработените:

- Обезбедување висок степен на познавање насите вработени со содржина на Етичките кодекси
- Почитување на Етичките кодекси од страна на сите вработени

## 9. ПОСТАПУВАЊЕ И РЕШАВАЊЕ ВО ПРЕДМЕТИТЕ ОД ПРАВА И УСЛУГИ ОД ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНА, СЕМЕЈНО ПРАВНА И ДЕТСКА ЗАШТИТА

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за превенција, заштита од социјални ризици и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат на добросостојбата на граѓаните. Дејноста на социјалната заштита се обезбедува преку остварување на права на парична помош од социјална заштита и обезбедување на социјални услуги и други мерки. Социјалната заштита се остварува и преку преземање на мерки и активности во вработувањето, стипендирањето, домувањето, заштита на семејството, заштита на децата, здравствена заштита, воспитанието и образованието и во други области согласносо важечките законски прописи и подзаконски акти.

Центарот за социјалана работа решава во прв степен во постапките за остварување на права од социјална и детска заштита. Во овие постапки се применуваат одредбите на Законот за општа управна постапка.

Стручните лица даватели на јавни услуги поседуваат лиценца за вршење стручна работа во дејноста социјална заштита. Вработените во јавна установа за социјална заштита како даватели на јавни услуги, имаат право на стручно усовршување, зашто се донесува план за континуиран професионален развој во согласност со програмата за континуирана едукација на стручните лица, изготвена од Заводот за социјални дејности, а истите се оценуваат еднаш годишно.

Министерството врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита. Надзорот над стручната работа на установата за социјална заштита и работниците во нив, како и над другите даватели на социјални услуги го врши Заводот за социјални дејности.

Ризици од можни злоупотреби и корупција во рамките на стручното работење постојат во сите области од стручната работа, особено во предметите од парични права, посвојувања, непосредно старателство, решавање во постапките за владеење со имот, давање мислење и предлог за довера на деца и родителска грижа. Во сите овие постапки постојат механизми на контрола во позитивните законски прописи, внатрешна контрола од страна на другите членови од тимот, контролор, одобрувач и раководно лице, и секако надворешна контрола од страна на инспекциски и стручни надзори. Но, ризикот и понатаму постои и затоа е потребно континуирано следење на вработените во установата при извршувањето на своите работни обврски со цел идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле коруптивни дејствијакако и преземање на соодветни мерки за зашита во борбата против корупцијата.

Мерки кои се предвидуваат за заштита и борба против корупцијата при решавање во постапките од областа на социјална и детска заштита

- Раководните лица да обезбедат систем на периодична и редовна контрола и надзор над извршувањето на предметите на вработените со цел утврдување дали се почитуваат законските рокови за преземање на дејствија или активности по конкретните предмети, дали се одолжуваат определени дејствија кои треба да се преземат,кои се причините за таквото однесување,како и да ги има во предвид известувањата кои ги доставуваат граѓаните или правните лица по однос на постапувањето на вработените.
- Во случај на констатирање на непочитување или непревземање навремени дејствија да се достави известување до одговорното лице на установата.
- Јавно објавување на веб страницата на ЈУ МЦСР Велес на постапките и процедурите поврзани со остварување права и услуги.

ДИРЕКТОР

Азиза Цини